Јавно претпријатие за комунални дејности
и облагородување на природните ресурси
"ЕРЕМЈА" - ВЕВЧАНИ
Бр. 0А - 145/1
16.12 2024 год.
ВЕВЧАНИ

**Јавно претпријатие за комунални дејности и облагородување на природни ресурси „Еремја“ Вевчани**

ЈП ЕРЕМЈА ВЕВЧАНИ

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП ЕРЕМЈА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

**Вевчани, декември 2024**

**Тел. 046/ 701-004 e-mail:jperemjavevcani@yahoo.com**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ЈП ЕРЕМЈА ВЕВЧАНИ ЗА 2025 ГОДИНА

ЈП Еремја Вевчани за тековната 2025 ќе ги обавува следните дејности:

## 1. ПРИБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

### 1.1. ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

1.1.1 Задолжен субјект за извршување на активностите предвиден и со оваа Програма е ЈП Еремја – Вевчани. ЈП Еремја - Вевчани изготвува Оперативен план кој ги содржи: начинот на вршење на дејноста, динамиката и времето на собирање и транспортирање, потребната опременост и работна рака и маршутите по кои се движи специјалното возило за собирање отпад.

1.1.2 При постапувањето со комуналниот и другите видови неопасен отпад, ЈП Еремја – Вевчани се раководи според начелата за приоритет при управување со отпадот, заштитата на животната средина, претпазливост, блискост, универзалност на услугите и начелото загадувачот плаќа, се во согласност со Стратегијата, Планот и Програмите за управување со комуналниот отпад на подрачјето на Општина Вевчани.

1.1.3 Програмата продразбира организирано собирање и транспортирање на комуналниот отпад во една урбана средина во рамките на законската регулатива, што има директно влијание во зачувување на животната средина, гледано од аспект на санитарно и еколошко значење.

1.1.4 Освен индивидуалните корисници - домаќинствата, со програмата се третираат и правните субјекти (установи, претпријатија, занаетчии, дуќани, угостителски и трговски објекти и др.) кои локациски се наоѓаат во границите на подрачјето на Општина Вевчани опфатено со ГУП, кои комуналниот отпад го одлагаат во постојните садови за негово времено сместување (контејнери од 1.1 м3 и пластични канти од 120 л.) Изнесувањето на отпадот од домаќинствата се врши еднаш неделно.

1.1.5 Во иднина како цел потребно е да се унифицираат сите садови за собирање на комунален отпад, како и да се воспостави систем на примарна селекција на отпадот уште при самиот извор. Согласно законските обврски ЈП Еремја Вевчани преку заедничка соработка со донатори веќе обезбеди корпи за селекција на отпад кои ќе бидат првично расподелени по улиците за да имаат можност граѓаните за селкција на отпадот. За посебни видови на отпад (електричен и електронски) има договор со колективни постапувачи.

1.2. Средствата за собирање и транспортирање на комуналниот отпад се остваруваат од надоместокот што го плаќаат корисниците за извршената услуга.

## 2. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

2.1. ЈП Еремја – Вевчани во 2025 година ќе врши редовно чистење на кејот , спортскиот полигон , анфитеатарот како и улиците на потег : Центар- Извори; Центар- Кукој; Центар-Здрвствен Дом; Центар- Шопев мост, како и повремено чистење на улиците Центар-Ќитанво плевне; Центар – Гробишта; Пешинци – Детска Градинка; Црква Св.Никола - Костојчини и Трансформатор – Бубаној; Пешинци- Вевчани.

Ако основачот сака да изврши интервенција односно да се опфатат сите јавни и новоизградени површини (улици, плоштади, кејови, паркови итн.), неопходно ќе биде ангажирање на дополнителна работна сила или купување на современи машини (возила за метење улици и опрема за одржување на паркови), за што треба да се предвидат буџетски средства во буџетот на Општината.

2.2. Ќе се врши редовно чистење на јазовите во делот што го опфаќаат населениот дел.

2.3. Во однос на зимското одржување ќе се врши редовно машинско чистење на улиците на потег: Центар-Извори; Шопев мост- Здравствен дом; Вевчанка-Центар; Центар-Ќитавно плевне; Центар-Фарма: Трансформатор – Бубаној, како и на другите улици каде постои услов за адаптирање на возилото за чистење снег. Исто така ќе се врши и рачно чистење на снегот околу општинската зграда, автобуските постојки и гробиштата.

Финансирањето на овие активности, точки 2.2 и 2.3 се обезбедува од буџетот на Општина Вевчани, како и кај делот од точка 2.1 сето надвор од наведеното во програмата за одржување на јавни површини каде повремено и по потреба е опфатено чистењето на наведените потези, а дополнително се бара од основачот, односно од Општина Вевчани се обезбедува од буџетот.

Исто така и се друго надвор од рамките, односно што не е опфатено во програмата по барање на Општина Вевчани се обезбедува од буџетот на Општината.

## 3. ВОНРЕДНИ АКТИВНОСТИ НАСТАНАТИ ОД ЈАВНИ СОБИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ

Имајќи во предвид дека во текот на годината се јавуваат потреби за дополнително ангажирање на Јавното претпријатие за расчистување на површини на кои се одржуваат разни собири и манифестации, за кои посебна дозвола за одржување издава Општина Вевчани, потребно е да има соодветна координираност меѓу Општината и Јавното претпријатие.

Јавното претпријатие ќе премине на расчистување на гореспоменатите површини по претходно добиен налог од Секторот за комунални работи на Општина Вевчани во кој покрај другото ќе биде дефинирано кој ќе ги сноси трошоците за овие вонредни активности. За таа цел Јавното претпријатие ќе го применува Ценовникот на услуги за вршење на вонредни активности ( чистење на плоштади, улици, паркинзи, игралишта и сл. ) по завршени јавни собири, промоции, дефилеа и сл., при што ќе доставува фактура за преземените и извршени активности.

## 4. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

Расчистувањето на дивите депонии е терминологија и пракса вообичаено прифатена кај нас. Всушност се работи за некоректно однесување на граѓаните и правни лица во Општина Вевчани. Последицата е заостанат – напуштен отпад кој дефинитивно наместо да има одговорност за конкретен сторител, преминува во доменот на заостанатиот – напуштен отпад (согласно Законската терминологија) и припаѓа на јавната комунална потрошувачка која се алиментира од Буџетот на Општината. Годишно се чистат повеќе депонии кои за жал се повторуваат од година во година. Чистењето на заостанатиот отпад наречен диви депонии ќе се врши согласно утврдена процедура.

Преземените активности од страна на ЈП Еремја Вевчани, за расчистување на дивите депонии, се финансираат од буџетот на Општината.

## 5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАЗАРИШТЕТО

ЈП Еремја – Вевчани го чисти сметот на плацот од пазариштето, ги одржува тезгите, го определува просторот и наплатува пазаришна такса и резервација на тезги и места за продажба.

## 6. ОДРЖУВАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИОТ ОБЈЕКТ ГРОБИШТА ВАРВАРА

Согласно Договорот за отстапување на управување, користење и одржување на православни гробишта склучен помеѓу Црква Свети Никола Вевчани и Општина Вевчани 03-524/1 од 23.07.2024 година, Општина Вевчани како Управител на православните гробишта, може

во иднина да го отстапи управувањето со гробиштата на јавното претпријатие за комунални услуги, кое ќе го врши управувањерто со гробиштата во име и за сметка на Општина Вевчани а во согласност со Законот за гробишта и погребални услуги.

ЈП Еремја – Вевчани да врши тековно одржување на целата површина низ гробните места преку собирање на смет, метење, косење на тревата, прскање со средства за уништување на тревата, сечење на гранки како и рачно и машински чистење на снегот во зимски услови. Генерално чистење на гробиштата се врши една седмица пред верските празници: Велики Поклади (Прочка) , Велегиден, Задушница, Божик, Голема Богородица и други денови по потреба.

Оваа година се планира да се отпочне со сеча на стари и дотрајани дрвни стебла за да се превенира нивното паѓање и отстранување на опасност од предизвикување на штета по спомениците на гробните места. Средствата за планираната сеча ќе се финансираат од сопствени средства, односно од надоместокот што го плаќаат корисниците за одржување на гробишта-гробарина.

## 7. ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТ ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ

Локалитетот „Вевчански извори" се доделуваат на одржување и активно управување на јавното претпријатие Еремја Вевчани со арх.бр.08-500/1 почнувајќи од 12.05.2014 година. ЈП Еремја Вевчани се обврзува да се грижи за локалитетот „Вевчански извори", да ги одржува и активно управува со истите.

Наплатата на влезна карта на локалитетот „Вевчанските извори" изнесува 30,00 денари за деца до 14 (четиринаесет) годинишна возраст и 50,00 денари за лица над 15 (петнаесет) годишна возраст. За остварениот приход ЈП Еремја Вевчани е должна да поднесува месечни извештаи до Градоначалникот на Општина Вевчани.

## 8. ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИТЕ КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ, ВОДОВОДНАТА МРЕЖА И ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

ЈП Еремја – Вевчани ќе врши редовно одржување на водоводните комунални објекти и водоводна мрежа. Ќе се врши редовно хлорирање на водата за пиење, навремено и редовно набавување на хлор и редовно сервисирање на хлоринаторите, според испитуваните параметри на водата за пиење каде примерокот треба да одговара на правилникот за безбедност и квалитет на водата за пиење.

## 9. ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛЕКТОРСКИОТ СИСТЕМ ЗА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА – ВЕВЧАНИ

Тековно одржување на колекторскиот систем, отстранување на дефекти на канализационата линија запушени шахти и редовно чистење на прочистителната станица.

Изготвил:
Технички раководител
Драган Кукоски

ЈП Еремја - Вевчани
Директор
Јасмина Бебекоска